**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 16.12.2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 6491 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21- М ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 1 до 9 декември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 16 декември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 став 1 и став 2 од Изборниот законик**
„(1) *Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.*
(2) *Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно - информативни програми, актуелно - информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.*“
- **Член 75-а став 1 точка б и став 2 од Изборниот законик**
„(1) *Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:*
*б) за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за пратеници;*
(2) *При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања.*“
- **Член 75-б од Изборниот законик**
„*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до*

*нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект."*

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 ставови 1 и 2; член 75-а став 1 точка 6 и став 2 од Изборниот законик**

***Дневно-информативни емисии***

Овој, десетти по ред извештај, се однесува на периодот од 1 до 9 декември, односно на вториот период во кој се анализира изборното медиумско известување во дневно-информативните емисии во текот на изборната кампања. Примерокот, согласно Методологијата, е проширен на две дневно-информативни емисии на албански јазик од ударното време и опфаќа по девет изданија на Вестите во 18.30 часот (21 Live News - Информативен магазин) и седум изданија на Вестите, кои се емитувани во 22.00, односно 23.30 часот (21 Live News - Информативен магазин). На 7 и 9 декември не се емитувани Вести на албански јазик во терминот по 22.00 часот. Времетраењето на анализираните прилози, поврзани со изборниот процес, во изданијата на вестите емитувани во деветдневниот период е 4 часа 9 минути и 37 секунди.

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ 21 М | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| **Активности на органите на власт** | | | |
| Локална самоуправа | 00:00:27 | 2,88 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:00:27 | 2,88 | % |
| Влада на РМ | 00:05:07 | 32,76 | % |
| Други субјекти | 00:03:37 | 23,16 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:02:42 | 17,29 | % |
| Граѓански сектор | 00:00:52 | 5,55 | % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:01:12 | 7,68 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:01:13 | 7,79 | % |
| **Вкупно за тема:** | **00:15:37** | 100 | % |
| **Други теми поврзани со избори** | | | |
| Други субјекти | 00:09:15 | 11,66 | % |
| Граѓански сектор | 00:17:04 | 21,51 | % |
| Јавно обвинителство | 00:01:35 | 2,00 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:04:37 | 5,82 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:03:37 | 4,56 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:13:36 | 17,14 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:03:34 | 4,50 | % |
| Беса | 00:03:57 | 4,98 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:01:55 | 2,42 | % |
| Левица | 00:01:00 | 1,26 | % |
| Судство | 00:00:29 | 0,61 | % |
| Коалиција УНИТЕТИ, ДПА-ДР и НДП - Весел Мемеди | 00:01:56 | 2,44 | % |
| ДИК и други органи | 00:09:28 | 11,93 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:03:20 | 4,20 | % |
| ПДП - Партија за демократски просперитет | 00:00:33 | 0,69 | % |
| Либерална партија | 00:00:31 | 0,65 | % |
| Коалиција за промени и правда | 00:00:31 | 0,65 | % |
| Без субјекти | 00:02:22 | 2,98 | % |
| **Вкупно за тема:** | **01:19:20** | 100 | % |
| **Активности на учесници во изборна кампања и кандидати** | | | |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:22:53 | 14,80 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:25:49 | 16,69 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:23:52 | 15,43 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:22:00 | 14,22 | % |
| Беса | 00:22:42 | 14,68 | % |
| Коалиција за промени и правда | 00:03:25 | 2,21 | % |
| ПДП - Партија за демократски просперитет | 00:05:24 | 3,49 | % |
| Левица | 00:05:33 | 3,59 | % |
| Коалиција ВМРО за Македонија | 00:02:45 | 1,78 | % |
| Коалиција УНИТЕТИ, ДПА-ДР и НДП - Весел Мемеди | 00:19:18 | 12,48 | % |
| Либерална партија | 00:00:59 | 0,64 | % |
| **Вкупно за тема:** | **02:34:40** | 100 | % |

Со почетокот на изборната кампања, во сила влегува принципот за утврдување на балансот во известувањето за активностите на учесниците во изборната кампања – според бројот на потврдени листи со кандидати за пратеници, и имајќи го предвид интензитетот на кампањата. Во двете анализирани изданија на вестите, за известување од активностите во кампањите на коалициите и партиите се издвоени 2 часа 34 минути и 40 секунди (Табела 1). Медиумот и во овој извештаен период, известуваше од активностите на сите 11 политички субјекти, учесници на изборите. Времето посветено на известување за четирите политички субјекти кои имаат по седум листи со потврдени кандидати за пратеници е распределено на следниов начин: за Демократската унија за интеграции – 25 минути и 49 секунди, за Коалицијата предводена од СДСМ – 22 минути и 53 секунди, за Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ – 22 минути и за Коалицијата ВМРО за Македонија – 2 минути и 45 секунди. За политичкиот субјект Коалиција за промени и правда – Трет блок, којшто е единствен субјект што има шест листи со потврдени кандидати, одвои 3 минути и 25 секунди. За активностите на трите учесници во изборниот процес кои имаат по пет листи со потврдени кандидати, отстапеното време е следно: за Демократската партија на Албанците – 23 минути и 52 секунди, Левица – 5 минути и 33 секунди и за Либерална партија – 59 секунди. За активностите на двата политички субјекта кои имаат по четири листи со потврдени кандидати, одвоеното време за следење на нивните активности изгледа вака: за Движењето Беса – 22 минути и 42 секунди, за Колицијата „Алијанса за Албанците“ (ДПА-ДР, Унитети, НДП) – 19 минути и 18 секунди. За активностите на Партијата за демократски просперитет, којашто е единствена што има само една листа со потврдени кандидати за пратеници, во шестата изборна единица, се одвоени 5 минути и 24 секунди.

За активностите на органите на власт е информирано во прилози со траење од 15 минути и 37 секунди (Табела 1). Станува збор за прилози поврзани со: средбата на министрите за надворешни работи на Унгарија и Македонија, ден за лицата со попреченост – изјава на министерката за труд и социјална политика, ученичките екскурзии – изјава на претставник од Министерството за образование, притисоци врз администрацијата за присуство на митинзи – изјава на заменик министерот за информатичко општество и администрација, постигнатиот успех на средношколците – изјава на министерот за образование.

Вкупното времетраење на прилозите за други теми поврзани со избори е 1 час 19 минути и 20 секунди (Табела 1). Во оваа тема се категоризирани прилозите кои говорат за ставовите на експертите/аналитичарите, на граѓанските здруженија, за активностите на странски субјекти, најчесто пренесени изјави на амбасадорите поврзани со изборниот процес, работата на Државната изборна комисија итн. Коалицијата предводена од СДСМ се јавува во оваа тема поради прилозите поврзани со: партиските решенија за спречување на иселување на младите, финансиските извештаи доставени до ДИК за првите десет дена кампања, гостувањето на партиски претставник во емисијата „Изборни дебати 2016" (извадок од емисијата), активностите поврзани со невладината организација „Еко герила", средбата на претседателот на СДСМ со претседателот на Стопанската комора на Македонија. Присуството на Движењето Беса во оваа тема се должи на информациите за: гостувањето на партиски претставник во емисијата „Изборни дебати 2016" (извадок од емисијата), поддршката на активностите на невладината организација „Еко герила", демолираниот штаб на партијата во Слатино, гостувањето на претседателот на Беса во емисијата „Клик плус" (извадок од емисијата). Демократската унија за интеграции се јавува во оваа тема поради: учеството на партиски претставник во „Изборни дебати 2016" (извадок од емисијата), финансиските извештаи доставени до ДИК за првите десет дена кампања, непотпишувањето на декларацијата за поддршка на невладината организација „Еко герила", интервјуто на лидерот на партијата дадено за ТВ 21 М (извадок од разговорот). Демократската партија на Албанците е застапена во прилозите за: учеството на партиски претставник во „Изборни дебати 2016" (извадок од емисијата), финансиските извештаи доставени до ДИК за првите десет дена кампања, поддршката на активностите на невладината организација „Еко герила", интервјуто со претседателот на ДПА (извадок од разговорот). Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ се јавува во прилозите поврзани со: партиските решенија за спречување на иселување на младите, финансиските извештаи доставени до ДИК за првите десет дена кампања, непотпишувањето на декларацијата за поддршка на невладината организација „Еко герила". Коалицијата „Алијанса за Албанците" е дел од категоријата други теми поврзани со избори поради појавувањето во прилозите за: партиските решенија за спречување на иселување на младите, гостувањето на партиски претставник во емисијата „Изборни дебати 2016" (извадок од емисијата) и дадената поддршка за активностите на невладината организација „Еко герила". Прилогот за одложениот судски процес против припадник на политичката партија Левица и гостувањето на нејзин претставник во емисијата „Изборни дебати", придонесуваат за појавата на овој политички субјект во категоријата други теми поврзани со избори. Прилогот во кој се говори за партиската поддршка на активностите на невладината организација „Еко герила" е единствениот во кој се појавува Партијата за демократски просперитет. Либаралната партија се споменува во прилогот посветен на дебатната емисија „Изборни дебати 2016", во која гостувал и претставник на оваа политичка партија.

Времето на директните обраќања е збирно од сите прилози коишто припаѓаат на некоја од трите теми прикажани во Табела 1 (активности на органи на власт, други теми поврзани со избори, активности на учесници во изборна кампања и кандидати). (Табела 2).

*Табела 2: Директни обраќања на субјектите*

| ТВ 21 М | Траење | Процент |
|---|---|---|
| Други субјекти | 00:04:01 | 4,61 % |
| Граѓански сектор | 00:04:35 | 5,26 % |
| Експерти/аналитичари | 00:06:41 | 7,66 % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:09:51 | 11,29 % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:08:31 | 9,76 % |
| Коалиција УНИТЕТИ, ДПА-ДР и НДП - Весел Мемеди | 00:08:06 | 9,29 % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:11:30 | 13,19 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:12:21 | 14,16 % |
| Беса | 00:10:06 | 11,58 % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Локална самоуправа | 00:00:15 | 0,29 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:00:13 | 0,25 | % |
| Левица | 00:02:27 | 2,81 | % |
| Либерална партија | 00:00:36 | 0,69 | % |
| Коалиција за промени и правда | 00:01:14 | 1,41 | % |
| Коалиција ВМРО за Македонија | 00:01:07 | 1,28 | % |
| ПДП - Партија за демократски просперитет | 00:01:58 | 2,25 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:00:31 | 0,59 | % |
| Влада на РМ | 00:01:43 | 1,97 | % |
| ДИК и други органи | 00:00:47 | 0,90 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:00:40 | 0,76 | % |
| | Вкупно: 01:27:13 | 100 | % |

***Посебни информативни емисии***

*Дебати*

На 1 декември гости во дебатната емисија „Изборни дебати 2016" беа дел од кандидатите за пратеници во четвртата изборна единица, Х.Локвенец од Коалицијата предводена од СДСМ, Љ.Арсовски од Либерална партија, С.Богоевски од Коалицијата за промени и правда и М. Николов од Левица. Се дискутираше за економските платформи на партиските програми, прашањето за името, меѓуетничките односи и др. Водителот на почетокот од емисијата истакнува дека биле поканети и претставници од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ и од Коалицијата ВМРО за Македонија, но не дошле во емисијата. По завршувањето на оваа емисија, во рамки на емисијата „Клик плус" гостуваа политичките аналитичари Петар Арсовски, Никола Димитров и Агим Јонуз. Тие дискутираа за настапите на кандидатите за пратеници во изборната единица број 4 – гости во претходната емисија „Изборни дебати 2016". Изданијата на двете емисии се репризирани по два пати, на 2 декември.

На 2 декември, во рамки на истата емисија „Изборни дебати 2016" гостуваа пет претставници, од политичките субјекти од македонскиот политички блок коишто имаат поднесено листи со кандидати за пратеници во третата изборна единица. Гостуваа Љупчо Николовски од Коалицијата предводена од СДСМ, Весна Стојменовска од Коалицијата за промени и правда, Данчо Марковски од Либералната партија, Марија Џонс од Левица и Стојанче Ангелов од Коалицијата ВМРО за Македонија. Иако бил поканет претставник од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ, не учествува во дебатата. Се дебатираше за деловите од нивните политички платформи посветени на социјалата, економијата и правосудството. Дебатата е два пати репризирана наредниот ден, рано наутро и претпладне.

На 6 декември, во рамки на емисијата „Клик плус" гостуваа политиките аналитичари Газменд Ајдини, Алајдин Демири, Нијази Мухамеди и Ибрахим Мехмети. Дебатираа за настапот на претседателот на Движењето за реформи во ДПА, Зиадин Села, дел од Коалицијата „Алијанса за Албанците", гостин во емисијата „Изборни дебати 2016", емитувана непосредно пред дебатата со аналитичарите. Изданието со аналитичарите е репризирано два пати на 7 декември, како што е пракса, рано наутро и претпладне.

За настапите во одвоените интервјуа на лидерите на ДПА и ДУИ, реализирани на 7 декември, во емисијата „Клик плус" од истиот ден, дискутираа политичките аналитичари Аделина Марку, Алберт Муслиу, Газменд Ајдини, Висар Адеми и Имер Исмаили. Дебатата е два пати репризирана наредниот ден, 8 декември.

Во емисијата „Изборни дебати од 8 декември, гостуваа носителите на листи од втората изборна единица, Оливер Спасовски од Коалицијата предводена од СДСМ, Кире Бозилев од ЛП, Љупчо Балковски од ВМРО за Македонија и Јове Кекеновски од Коалицијата за промени и правда. Истиот ден беше емитувана уште една дебатна емисија, во која за настапот на претседателот на Движењето Беса во рамки на интервјуто емитувано на телевизијата, непосредно пред втората дебатна емисија, разговараа аналитичарите Исмет Јонузи-Кроси, Бесим Хода, Висар Адеми и Исмет Рамадани. Двете дебатни емисии се репризирани по два пати, на 9 декември.

Последниот ден од изборната кампања и од овој извештаен период, 9 декември, беа емитувани две дебатни соочувања, едното во „Изборни дебати 2016" и второто во „Клик плус". Гости во првата емисија беа носителите на листи со кандидати за пратеници во првата изборна единица, Павле Трајанов од Коалицијата за промени и правда, Димитар Апасиев од Левица, Ивон Величковски од ЛП, Ден Дончев од Коалицијата ВМРО за Македонија и Стево Пендаровски од Коалицијата предводена од СДСМ. Во емисијата „Клик плус" дебатираа Бујар Османи од ДУИ, Беким Фазлиу од ДПА, Зејд Реџепи од Беса и Мухамед Исмаили од Коалицијата „Алијанса за Албанците".

Во рамки на овој извештаен период беа емитувани по два пати дебатните емисии реализирани на 30 ноември, во рамки на претходниот извештаен период, со претставници од ДУИ, ДПА, Беса и Коалицијата „Алијанса за Албанците" и втората со политички ананлитичари.

*<u>Интервјуа</u>*

На 1 декември во рамки на емисијата „10 минути" гостуваше политичкиот аналитичар Роберт Несими. Распределбата на пратеничките места меѓу партиите од албанскиот политички блок, на претстојните избори, беше главната тема на разговор со гостинот. Во истата емисија, но во изданието од 2 декември, гостуваше Олимпија Христовска-Заевска.

На 2 декември, „Клик плус" беше со политичкиот аналитичар Ристо Никовски, кој ги коментираше/анализираше партиските платформи и ветувања на кандидатите од третата изборна единица, кои непосредно пред емисијата со Никовски, гостуваа во „Изборни дебати 2016". Разговорот со Никовски беше 2 пати репризиран на 3 декември.

На 6 декември беа емитувани две интервјуа, едното во емисијата „10 минути", а второто во „Изборни дебати 2016". Гостин во „10 минути" беше Кастриот Мемети од невладината организација „Ние одлучуваме", а се разговараше за активностите на организацијата поврзани со изборниот процес, случаите со притисоци и поткуп на гласачите. Второто интервју беше со лидерот на Движењето за реформи во ДПА, Зиадин Села, партија која е дел од Коалицијата „Алијанса за Албанците". Се разговараше за текот на изборната кампања, програмата на коалицијата, ЕУ и НАТО интеграциите. Интервјуто со Зиадин Села е два пати репризирано, наредниот ден, 7 декември, рано наутро и претпладне.

На 7 декември, премиерно се емитувани три интервјуа, едно во „10 минути" и две во рамки на емисијата „Изборни дебати 2016". Гостин во „10 минути" беше политичкиот аналитичар Сашо Ордановски. Другите две интервјуа беа со лидерите на ДУИ, Али Ахмети, и на ДПА, Мендух Тачи. Со нив се дискутираше за текот на партиските кампањи, очекувањата од изборите и можните постизборни коалиции. Двете интервјуа се по два пати репризирани наредниот ден, наутро и претпладне.

Интервју е реализирано и со претседателот на Движењето Беса, Билал Касами, во рамки на емисијата „Изборни дебати 2016", од 8 декември. Се разговараше за програмската понуда на Беса, изборната кампања, коалицирањето после изборите. Интервјуто е исто така два пати репризирано, на 9 декември.

*Информативна програма*

Во рамки на изданието на емисијата „10 минути" од 5 декември, е емитувана снимка од прес-конференцијата на невладината организација „Транспаренси интернешнал – Македонија", посветена на финансиските извештаи што партиите ги доставиле до ДИК во врска со потрошените средства за првите 10 дена од кампањата.

***Сектор за програмски работи***